# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/13, 180/14, 188/14, 20/15 и 48/15), во членот 4 став (1) точките 17, 18 и 19 се бришат.

## Член 2

Во член 7 став (1) по точката 1) се додава нова точка 1-а) која гласи: „1-а) извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување;".

Во точката 12) на крајот на реченицата точката и запирката се заменува со точка.

Точките 13), 14) и 15) се бришат.

## Член 3

Во член 10 став (1) по точката 1) се додава нова точка 1-а) која гласи: „1-а) извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување;".

Во точката 15), на крајот на реченицата точката и запирката се заменува со точка.

Во истиот став точките 16), 17) и 18) се бришат.

## Член 4

Во членот 13 став (1) по точката 1) се додава нова точка 1-а) која гласи: „1-а) исплатувач на паричен надоместок за обврзникот за плаќање на придонес од член 7 став (1) точка 1-а) и член 10 став (1) точка 1-а) од овој закон;".

Во точката 2) по зборот „ лице„ запирката и зборовите „извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво" се бришат.

Во точката 12), на крајот на реченицата точката и запирката се заменува со точка.

Точките 13) и 14) се бришат.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

## Член 5

Во член 14 став (1) по точката 1) се додава нова точка 1-а) која гласи: „паричен надоместок на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво"

Во точката 14) алинејата 9 на крајот на реченицата точката и запирката се заменува со точка.

Точките 15), 16) и 17) се бришат.

Ставовите (4) и (5) се бришат.

## Член 6

Во член 15 ставот (1) зборовите „член 14 став (1) точки 3), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 15), 16) и 17) на овој закон" се заменуваат со зборовите „член 14 став (1) точки 3), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12) и 13) на овој закон".

## Член 7

Во член 16 во ставот (1) по зборовите „работен однос" се додаваат зборовите „од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси".

Ставот (2) се менува и гласи: „Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од дванаесет просечни плати."

## Член 8

Во членот 18 ставот (2) се менува и гласи: „Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точка 1-а) од овој закон е должен пресметката на придонесите и надоместокот за обврзникот за плаќање на придонеси од член 7 став (1) точка 1-а) и член 10 став (1) точка 1-а) од овој закон, да ја врши поединечно за секој осигуреник, врз основа на основиците утврдени во членот 14 од овој закон. Податоците за пресметаните придонеси и надоместок е должен да ги доставува до Управата за јавни приходи пред исплатата на надоместокот, по електронски пат, на начин утврден со актот од членот 17 став (2) од овој закон."

## Член 9

Во член 24 во ставот (3) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен на надоместокот на обврзникот за плаќање на придонеси од член 7 став (1) точка 1-а) и 10 став (1) точка 1-а) од овој закон."

Ставот (5) се брише.

## Член 10

Во членот 28 зборовите „1500 до" се бришат.

## Член 11

Во членот 28-а зборовите „2000 до" се бришат.

## Член 12

Во членот 28-б во став (1), зборовите „3000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
“Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице и трговец поединец ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и трговец поединец за прекршокот од став (1) на овој член.“

Ставот (3), се менува и гласи:
„За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице и за одговорното лице во трговец поединец ќе му се изрече и забрана за вршење на должност во траење од 30 дена.“

## Член 13

Членот 28-в се брише.

## Член 14

Членот 28-г се менува и гласи:
„Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците“.

## Член 15

За исплата на надоместоците по основ на договори за дело и/или авторски договори или други договори заклучно со 31 јули 2015 година ќе се врши пресметување и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/13, 180/14, 188/14, 20/15 и 48/15).

## Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 август 2015 година.